РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0902-142
29.01.2026 год.

**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

**До**
**Министерство за локална самоуправа**
**- Државен инспекторат за локална самоуправа**
**Ул.„Димитар Влахов„ б.б. зграда 3, влез 1, кат 12,**
**Македонска радио телевизија**
**1000 Скопје**

Почитувани,

Врз основа на член 71 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002 и („Службен весник на РСМ„ бр. 202/24) во прилог на дописот ви доставуваме („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр.1/2026) во кој се објавени прописите донесени на седмата редовна седница на Совет на Општина Свети Николе одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Со почит,**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**
**Дејан Владев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
"СОВЕТ НА ОПШТИНА"
Бр 0801-142
29.01.2026 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **29.01. 2026 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 1** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Програма за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2026 година бр. 0801 – 125 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 129 од Деловникот за работа на Советот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе бр.2/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година донесе

## П Р О Г Р А М А
## за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2026 година

### I.ОПШТ ДЕЛ

Според надлежностите што се определени со Уставот на Република Македонија, Законот за локалната самоуправа, Статутот и Деловникот за работа на Советот на Општина Свети Николе, Советот донесува Програма за работа за 2026 година.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2026 година согласно надлежностите на Советот.

Програмата овозможува транспарентност во работата на Општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од Општината.

### II.ПОСЕБЕН ДЕЛ

**II.1.Прво тромесечие - период Јануари - Март 2026 година**

1. Донесување на Програма за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2026 година.
Изработува: Стручна служба на Советот на Општина Свети Николе.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

2. Донесување на Програма за работа на ЈКП"Комуналец" Свети Николе за 2026 година.
Изработува: ЈКП Комуналец Свети Николе.
Донесува: Управен одбор на ЈКП Комуналец Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

3. Донесување на Програма за работа на ЈП"Погребални услуги" Свети Николе за 2026 година.
Изработува: ЈП Погребални услуги Свети Николе.
Донесува: Управен одбор на ЈП Погребални услуги Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

4. Извештај за реализирање на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2025 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

5. Извештај за реализирање на Програмата за изградба, реконстгрукција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе за 2025 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

6. Извештај за реализирање на Програмата за комунални дејности на Општина Свети Николе за 2025 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

7. Извештај за реализирање на Програмата за искористувањето на средствата за јавно осветлување на Општина Свети Николе за 2025 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

8 Извештај за реализирање на Програмата за изработка, измени и дополнување на Урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2025 година.
Изработува: Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

9. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата за 2025 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

10. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2025 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

11. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието за 2025 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

12. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт, млади и подршка на НВО Секторот за 2025 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

13. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2025 година.

Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

14.Извештај за работењето на ЈКП"Комуналец" Свети Николе со годишна пресметка за периодот од 01.01. до 31.12. 2025 година.
Изработува: ЈКП Комуналец Свети Николе.
Донесува: Управен одбор на ЈКП Комуналец Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

15.Извештај за работењето на ЈП"Погребални услуги" Свети Николе со годишна пресметка за 2025 година.
Изработува: ЈП Погребални услуги Свети Николе.
Донесува: Управен одбор на ЈП Погребални услуги Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

16 Извешај за јавната безбедност на подрачјето на општина Свети Никола за 2025 година
Изработува:ОВР-Свети Николе
Разгледува: Комисија за комунални работи и сообраќај
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

17.Извешај за безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Свети Никола за 2025 година
Изработува:ОВР-Свети Николе
Разгледува: Комисија за комунални работи и сообраќај
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

18. Извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Свети Николе за 2025 година
Изработува: Сектор за нормативно-правни работи,администрирање со даноци и комунални такси ,ЛЕР и јавни дејности Општина Свети Николе.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

19 Извештаи за работата на:

ОУ Дом на Културата Крсте Мисирков Свети Николе за 2025 година
ОУ Народен музеј Свети Николе за 2025 година
Изработуваат: Општинските јавни установи
Донесува: Училишните односно Управните одбори на установите.
Усвојува:Советот на Општината

20. Завршни сметки на:
- ОУ Кирил и Методиј Свети Николе за 2025 година.
- ОУ Гоце Делчев Свети Николе за 2025 година.
- ОУ Даме Груев с. Ерџелија за 2025 година
- СОУ Кочо Рацин Свети Николе за 2025 година
- ЈОУДГ Рахилка Гонева Свети Николе за 2025 година
- ОУ Дом на Културата Крсте Мисирков Свети Николе за 2025 година
- ОУ Народен музеј Свети Николе за 2025 година

Изработуваат: Општинските јавни установи
Донесува: Училишните односно Управните одбори на установите.
Усвојува:Советот на Општината

21. Завршна сметка на Буџетот на Општина Свети Николе за 2025 година.
Изработува: Одделение за финансии и буџет
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

22.Донесување одлуки со отпочнување постапка за изработка на Детални урбанистички планови,и проекти за разни делови од градот
Изработува: одделение за урбанизам, во текот на цела 2026 година
Донесува :Совет на Општината

23.Одлуки за отпочнување постапка за изработка на локална урбанистичка документација во разни делови во градот , планови и проекти
Изработува: одделение за урбанизам, во текот на цела 2026 година
Донесува: Совет на Општината

24. Одлуки за именување и разрешување на членови на органи на управување во органите на јавните претпријатија и установи од Општината во текот на цела 2026 година
Предлага: Јавно претпријатие или Установа
Донесува: Совет на Општината

25. Одлуки за измени и дополнувања на донесените програми од Советот за 2026 година по укажана потреба за промени и дополнувања
Изготвува: Изготвувачот на програмата
Донесува: Совет на Општината

26. Информација за водоснабдување и одводнување на отпадни води на Општина свети Николе;
Изготвува : Одделение за комунални дејности,ЈКП Комуналец
Усвојува:Советот на Општината

27. Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за квартал 4
Изготвувач: Одделение за финансии
Донесува: Совет на Општината

28. Одлука за утврдување зони при примена на методологијата за утврдување на пазарна вредност
Изготвува: Одделение за даноци
Донесува Совет на Општина Свети Николе

29. Извештај за редовен годишен попис во Општина Свети Николе со состојба на 31.12.2025 година
Изготвува: Одделение за финансии
Донесува: Совет на Општината
Усвојува: Совет на Општината

30..Советнички прашања, Советниците ќе поставуваат на седница по исцрпениот дневен ред, кога тоа ќе биде утврдено на самата седница, на предлог на некоја од матичните комисии на Советот, на предлог на Градоначалникот, по потреба во текот на 2026 година,согласно со Деловодникот за работа на Советот на Општината.

**II.2. Второ тромесечие период Април - Јуни 2026 година**

1. Предлог План за запишување на учениците во прва година во СОУ Кочо Рацин Свети Николе учебна 2026/2027 година.
Изготвува: СОУ Кочо Рацин Свети Николе
Усвојува :Советот на Општина Свети Николе

2. Програма и План за управување со отпад
Изработува: Одделение за комунални работи
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

3. Информација за состојбата, локацијата и одржувањето на културно-историските споменици и градбеното наследство на подрачјето на Општина Свети Николе.
- Евиденција на спомениците и спомен-обележјата во нашата Општина и изработка на проекти за изградба на нови споменици и спомен-обележувања.

Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

4.Програма за одбележувања на значајни празници, настани и личности.
Изработува: Одбор за одбележување на значајни празници, настани и личности.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

5. Информација за состојбата со гробиштата во Општина Свети Николе.
Изработува: ЈП"Погребални услуги" Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

6. Информација за состојбата на спортските терени и објекти со предлог на мерки.
Изработува: Комисија за јавни дејности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

7. Информација за целокупниот имот на Општина Свети Николе.
Изработува: Општинска администрација
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

8. Информација за одржаниот меѓународниот фолклорен фестивал Тодорица .

9.Извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за прво тромесечие во 2026 година.
Изработува: Одделение за финансии и буџет.
Усвојува : Совет на Општина Свети Николе.

10.Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во Општина Свети Николе во текот на 2026 година. Реализацијата ќе биде во текот на целата година согласно постапките за нивно донесување.

11.Информација за Локалниот економски развој на Општина Свети Николе;
Изработува: Одделение за локален економски развој ;
Усвојува : Совет на Општина Свети Николе..

12.Информација за чистење на речните корита на треиторијата на Општина Свети Николе;
Изработува: Одделение за комунални работи
Усвојува : Совет на Општина Свети Николе.

**II.3. Трето тромесечие – период Јули - Септември 2026 година**

1. Локален акционен план за животна средина
Изработува: Стручни служби при општинската администрација со НВО
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

2. Програма за прославување на "Свети Николај".
Изработува: Одбор за одбележување на значајни празници, настани и личности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

3. Извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за второ тромесечие во 2025 година.
Изработува: Одделение за финансии и буџет.
Усвојува : Совет на Општина Свети Николе.

4.Информација за реализација на проектите кои се реализирани со средства од донации.
Изработува: Одделение за урбанизам и комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

5. Извештај на ревизорот за 2025 година.
Изработува: Внатрешен ревизор
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

6. Информација за наплата на комуналните такси во 2026 година.
Изработува: Одделение за финансии, даноци и ЛЕР
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

7 Годишни програми за работа на:
- ОУ,,Кирил и Методиј,, Свети Николе за 2026/2027 година.
- ОУ,,Гоце Делчев,, Свети Николе за 2026/2027 година.
- ОУ ,,Даме Груев с,, Ерџелија за 2026/2027 година
- СОУ ,,Кочо Рацин,, Свети Николе за 2026/2027 година
- ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе за 2026/2027 година

8 .Извештаи за работата на:
- ОУ Кирил и Методиј Свети Николе за 2025/2026 година.
- ОУ Гоце Делчев Свети Николе за 2025/2026 година.
- ОУ Даме Груев" с. Ерџелија за 2025/2026 година
- СОУ Кочо Рацин Свети Николе за 2025/2026 година
- ЈОУДГ Рахилка Гонева Свети Николе за 2025/2026 година

**II.4. Четврто тромесечие период Октомври - Декември 2026 година**

1 Информација за почетокот на школската година, состојбите во претшколските установи и основните училишта.
Изработува: Комисија за јавни дејности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

2 Годишни програми за работа на:
- ОУ Дом на Културата ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2027 година
- ОУ Народен музеј Свети Николе за 2027 година.
Изработуваат: Општинските јавни установи.
Донесува: Училишните односно Управните одбори на установите.

3 Програма за одржување на улиците во зимски услови во Општина Свети Николе за 2026/2027 година
Изработува: Одделение за комунални работи
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

4.Извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за третото тромесечие во 2026 година.
Изготвува: Одделение за финансии и буџет
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

5 Буџет на Општина Свети Николе за 2027 година
Изработува: Одделение за финансии и буџет
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

6. Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2027 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

7.Програмата за комунални дејности на Општина Свети Николе за 2027 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

8.Програмата за изградба , реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе за 2027 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

9.Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2027 година.
Изработува: Одделение за урбанизам.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

10.Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2027 година
Изработува:Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

11.Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата за 2027 година
Изработува: Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

12. Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт, млади и подршка на НВО секторот за 2027 година
Изработува: Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

13.Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието за 2027 година
Изработува: Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

14. Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2027 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

15.Програма за прославување на Свети Никола патронот на град Свети Николе.
Изготвува: Одбор за одбележување на празници, настани и личности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

16. Донесување акти од областа на заштита и спасување на населението и материјални добра од природни непогоди и други кризни состојби
Донесува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: . Комисија за комунални работи и сообраќај
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

**III.НОРМАТИВЕН ДЕЛ**

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на Општина Свети Николе се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2026 година, која се однесува во донесување на нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период од страна на Советот врз основа на прописите што ќе бидат донесени во 2026 година.

**IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ**

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени со Програмата.

Во текот на 2026 година, Советот на Општина Свети Николе ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат во тековното работење.

Извршувањето на програмата ќе зависи од законските и финансиските услови.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

Бр. 0801 - 125
29.01.2026 год.
Свети Николе

Совет на Општина Свети Николе
Претседател,
Оливера Арсов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе. бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за именување на членови на заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Куманово бр. 0801 – 126 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

Бр. 0901- 141/2
29.01. 2026 година
Свети Николе

Општина Свети Николе
Градоначалник,
Дејан Владев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", бр. 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) ,во врска со член 8 од Законот за Меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24) и член 25 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 03/21),Советот на Општината Свети Николе, на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови на заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Куманово**

**Член 1**

За членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Куманово за извршување на работни задачи и постапување по предмети од инспекциски надзор од областа на градежната инспекција од страна на Општина Куманово за потребите на Општина Свети Николе се именуваат:

1 Даница Арсова-општинска администрација
2 Даниела Панева-општинска администрација

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Свети Николе,,.

Бр. 0801- 126
29.01 .2026 година
Свети Николе

Совет на Општина Свети Николе

Претседателка,
Оливера Арсов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за именување на членови на заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Пробиштип бр. 0801 – 127 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141/3**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", бр. 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) ,во врска со член 8 од Законот за Меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24) и член 25 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 03/21),Советот на Општината Свети Николе, на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови на заедничка Комисија за**
**меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Пробиштип**

**Член 1**

За членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Пробиштип за извршување на работни задачи и постапување по предмети од инспекциски надзор од областа на градежната инспекција од страна на Општина Пробиштип за потребите на Општина Свети Николе се именуваат:

1.Даница Арсова-општинска администрација
2.Даниела Панева-општинска администрација

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Свети Николе„.

**Бр. 0801- 127**
**29.01 . 2026 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседателка,**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена на Одлуката за начинот и условите за поставување на урбана опрема за вршење дејност на јавни површини на територијата на општина Свети Николе бр. 0801 – 128 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141/4**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на Одлуката за начинот и условите за поставување на урбана опрема за вршење дејност на јавни површини на територијата на општина Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на Одлуката за начинот и условите за поставување на урбана опрема за вршење дејност на јавни површини на територијата на општина Свети Николе бр. 0801-1111 од 04.06.2025 година и тоа:

Во член 25, став 4 зборовите „ Висината на закупот за поставување на тезги за време на традиционалниот тодорички панагур, во времетраење од три дена, согласно позитивната законска регулатива изнесува 350.00 денари од $м^2$ дневно.“ се заменуваат со зборовите „ Висината на закупот за поставување на тезги за време на одржување на традиционалниот тодорички панагур, во времетраење од три дена, согласно позитивната законска регулатива изнесува 500.00 денари од $м^2$ дневно.“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе ”.

**0801- 128**
**29.01. 2026**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање во закуп на недвижни ствари во сопственост на Општина Свети Николе во Дом на Културата "Крсте Мисирков"во Свети Николе бр. 0801 – 129 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141/5**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/2002) член 8 став 1 точка 23 од Статутот на општина Свети Николе („Службен гласник на општина Свети Николе" бр.03/2021) како и член 3 став 2, член 7 став 3, член 36,37,38 и 39 а во врска со член 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01 2026 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање во закуп на недвижни ствари во сопственост на Општина Свети Николе во Дом на Културата"Крсте Мисирков"во Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа одлука поблиску се определува недвижниот имот –деловни простории што ќе биде предмет на закуп согласно критериумите утврдени со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост во сопственост на Општина Свети Николе.

**Член 2**

Предмет на закуп ќе биде недвижен имот-деловни простории во Дом на Културата "Крсте Мисирков" на ул."Плоштад Илинден" во Свети Николе за период од 4 години .

1. Недвижен имот заведен во Имотен лист бр.5151 КО Свети Николе и тоа:

- КП 10018, бр. на зграда 1 .намена на згр. В3-6 влез бр.8 површина 45 m2; (Пицерија ЛЕА)

**Член 3**

Закупот на недвижниот имот ќе се врши со електронско јавно наддавање и висината на почетната месечна закупнина ке изнесува 0,5% од проценетата вредност на имотот утврдена од овластен проценител согласно со Законот за процена.

**Член 4**

Средствата остварени од продажбата,размената,закупот или давањето на користење на стварите во општинска сопственост се приход на Буџетот на општините.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801- 129**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за усвојување на Елаборатот за измена на елаборат за проценка на штета од елементарна непогода – мраз за КО Бориловци, КО Пеширово, КО Амзабегово, КО Црнилиште, КО Мустафино, КО Немањици, КО Павлешенци бр. 0801 – 130 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141/6**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36.ст.1 т.15 од Законот за Локалната Самоуправа(„Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24),член 143 и 146 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија бр. 36/04,49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Службен весник на Република СевернаМакедонија бр. 215/21 и 124/25) а согласно Методологијата за проценка на штета од природни непогоди и други несреки (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 181/21), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Елаборатот за измена на елаборат за проценка на штета од елеметарна непогода – мраз за КО Бориловци, КО Пеширово, КО Амзабегово, КО Црнилиште, КО Мустафино, КО Немањици, КО Павлешенци**

1.Се усвојува Елаборатот за измена на елаборат за проценка на штета од елеметарна непогода – мраз за КО Бориловци,КО Пеширово, КО Амзабегово, КО Црнилиште, КО Мустафино, КО Немањици, КО Павлешенци.

2.Измената на елаборатот да се достави до сите надлежни институции за постапување по истиот.

3.Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе.”

**Бр. 0801 - 130**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, доне

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на плата на вработените во ЈКП „Комунлец„ Свети Николе за 2026 година бр.

0801 – 131 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141/7**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ„ бр.5/02 и („Службен Весник на РСМ„ бр.202/24), како и член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/2022, 274/2022, 208/2024 и 193/2025), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01.2026 година донесе:

**Одлука**
**за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈКП „Комуналец" Свети Николе за 2026 година**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈКП „Комуналец" Свети Николе за 2026 година, донесена од Управниот Одбор на ЈКП „ Комуналец "Свети Николе бр.0202-425/10 од 25.12. 2025 год.

**Член 2**

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801 - 131**
**29.01. 2025 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ Народен музеј Свети Николе за 2026 година бр. 0801 – 132 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141/8**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002 и („Службен весник на РСМ„ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29. 01. 2026 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програма за работа за 2026 година на Општинската установа „Народен музеј„ Свети Николе**

1. Советот на Општина Свети Николе ја усвои Програмата за работа за 2026 година на Општинската установа „Народен музеј„ Свети Николе, усвоена со Одлука на Управниот Одбор на Народниот Музеј бр. 0326/2 од 21.01. 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 132** **Претседател,**
**29.01. 2026 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2026 година на ОУ Народен Музеј Свети Николе бр. 0801 – 133 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141/9** **Општина Свети Николе**
**29.01. 2026 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ОУ Народен Музеј Свети Николе за 2026 година**

1.Се усвојува измена и дополнување на Годишниот план за вработување на ОУ Народен Музеј Свети Николе за 2026 година, донесен со Одлука бр. 02-25/4 од 21.01. 2026 година од Управниот Одбор на ОУ Нароен Музеј Свети Николе.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 133** **Претседател,**
**29.01. 2026 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУ„Кочо Рацин„ Свети Николе бр. 0801 – 134 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141/10**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002 и„Службен весник на РСМ„ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29. 01. 2026 година донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за 2026 година**

1.Советот на Општина Свети Николе ЈА УСВОИ Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за 2026 година на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801 - 134**
**29. 01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ„Гоце Делчев„ Свети Николе бр. 0801 – 135 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141/11**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002, „Службен весник на РСМ„ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29. 01. 2026 година донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Гоце Делчев„Свети Николе за 2026 година**

1.Советот на Општина Свети Николе ЈА УСВОИ Измената на Годишниот план за вработување на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за 2026 година на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801 - 135** — **Претседател,**
**29. 01. 2026 година** — **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Програма и план за работа на на ЗЈП Стационар Шепа со предлог Буџет и финансиски план за ЗЈП Стационар Шепа за 2026 бр. 0801 – 136 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141/12** — **Општина Свети Николе**
**29.01. 2026 година** — **Градоначалник,**
**Свети Николе** — **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25; ),член 36 ст.1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 8 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе" бр.3/21), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.01. 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за давање согласност на Програма и план за работа на на ЗЈП Стационар Шепа со предлог Буџет и финансиски план за ЗЈП Стационар Шепа за 2026**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Програма и план за работа на ЗЈП Стационар Шепа со предлог Буџет и финансиски план за ЗЈП Стационар Шепа за 2026 донесена на седница на Совет на Општина Свети Николе на 29.01. 2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Свети Николе,,.

Бр.0801 - 136
29. 01. 2026 година
СветиНиколе

СоветнаОпштинаСветиНиколе
Претседател,

Оливера Арсов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за финансиско работење на ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци за период од 01.01. 2025 година до 30.09. 2025 година бр. 0801 – 137 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

Бр. 0901- 141/13
29.01. 2026 година
Свети Николе

Општина Свети Николе
Градоначалник,
Дејан Владев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за финансиско работење на ЗЈП Стационар ШЕПА – Кавадарци за период од 01.01. 2025 година до 30.09. 2025 година**

1. Советот на Општина Свети Николе го усвои Извештајот за финансиско работење на ЗЈП Стационар ШЕПА – Кавадарци за период од 01.01. 2025 година до 30.09. 2025 година усвоен со Одлука на Управен Одбор бр. 02-242/3 од 30.10.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

Бр.0801 - 137
29.01 . 2026 година
Свети Николе

Претседател,
на Совет на Општина Свети Николе
Оливера Арсов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донес

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2025 година бр. 0801 – 138 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

Бр. 0901- 141/14
29.01. 2026 година
Свети Николе

Општина Свети Николе
Градоначалник,
Дејан Владев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за работа на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2025 година**

1. Советот на Општина Свети Николе УСВОИ Извештај за работа на ОУ Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2025 година, усвоен со Одлука на Управен Одбор бр. 02-36/7 од 22.01. 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 138** **Претседател,**
**29.01. 2026 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе. бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за исплата на финансиска помош на лицето К.А.Н. бр. 0801 – 139 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141/15** **Општина Свети Николе**
**29.01. 2026 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на финансиска помош**

**Член 1**

Од Буџетот на Општина Свети Николе, Програма А0 413110 (тековна резерва) да се исплати финансиска помош во износ од 12.000,00денари.

**Член 2**

Финансиската помош да се исплати на лицето Катерина Алексова Наумова ул.,,Баница,, Б.Б, Штип поради издавање роман.

**Член 3**

Барањето со приложената документација е составен дел на оваа одлука.

Се задолжува одделението за финансиски прашања за реализација на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Свети Николе ".

**Бр. 0801 - 139**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за исплата на финансиска помош на лицето Б.Т. бр. 0801 – 140 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година.

**Бр. 0901- 141/16**
**29.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на финансиска помош**

**Член 1**

Од Буџетот на Општина Свети Николе, Програма А0 413110 (тековна резерва) да се исплати финансиска помош во износ од 30.000,00 денари.

**Член 2**

Финансиската помош да се исплати на лицето Борко Трајанов ул.,,Пиринска,, бр.11 поради лекување.

**Член 3**

Барањето со приложената документација е составен дел на оваа одлука.
Се задолжува одделението за финансиски прашања за реализација на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Свети Николе ".

Бр. 0801 - 140
29.01. 2026 година
Свети Николе

Претседател,
на Совет на Општина Свети Николе
Оливера Арсов с.р.

## Содржина


1.Програма за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2026 година;

2.Решение за именување на членови на заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Куманово;

3.Решение за именување на членови на заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Пробиштип;

4.Одлука за измена на Одлуката за начинот и условите за поставување на урбана опрема за вршење дејност на јавни површини на територијата на општина Свети Николе;

5.Одлука за давање во закуп на недвижни ствари во сопственост на Општина Свети Николе во Дом на Културата ”Крсте Мисирков”во Свети Николе;

6.Одлука за усвојување на Елаборатот за измена на елаборат за проценка на штета од елементарна непогода – мраз за КО Бориловци, КО Пеширово, КО Амзабегово, КО Црнилиште, КО Мустафино, КО Немањици, КО Павлешенци;

7. Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на плата на вработените во ЈКП ,,Комунлец,, Свети Николе за 2026 година;

8. Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ Народен музеј Свети Николе за 2026 година;

9.Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2026 година на ОУ Народен Музеј Свети Николе;

10.Одлука за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУ,,Кочо Рацин,, Свети Николе;

11.Одлука за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ,,Гоце Делчев,, Свети Николе;

12.Одлука за давање согласност на Програма и план за работа на ЗЈП Стационар Шепа со предлог Буџет и финанасиски план за ЗЈП Стационар Шепа за 2026 година;

13.Заклучок за усвојување на Извештај за финансиско работење на ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци за период од 01.01. 2025 година до 30.09. 2025 година;

14.Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ОУ Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2025 година;

15.Одлука за финансиска помош од лицето К.А. Н.

16.Одлука за финансиска помош од лицето Б.Т.


Бр. 0801 - 142
29.01. 2026 година
Свети Николе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ